РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
Бр. 01-15/1
11.01 2018 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- **Дирекцијата за радијациона сигурност** (ДРС) се стреми да обезбеди највисок степен на радијациона заштита на населението, работно изложените лица и животната средина во Република Македонија согласно највисоките меѓународни стандарди.

- **Дирекцијата за радијациона сигурност** е посветена на добро постапување и професионалност на административните службеници во ДРС и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на ДРС.

- Врвното раководство на **Дирекцијата за радијациона сигурност** постојано се стреми кон ефективно раководење и континуирано усовршување на процесите и нивните резултати, преку соработка, учество и прецизно насочување на вработените.

- Утврдената мисија и визија на **Дирекцијата за радијациона сигурност** се реализираат преку прецизно утврдени приоритети и цели на работа кои се насочени кон заштита на населението и животната средина од штетните ефекти на јонизирачкото зрачење.

- **Дирекцијата за радијациона сигурност** преку целите и приоритетите кои се разработени во програми и планови за работа, се стреми кон постигнување на зајакната радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност, со цел да стане лидер во регионот.

- Вработените во **Дирекцијата за радијациона сигурност** во својата секојдневна работа ги следат сите етички стандарди и правила на однесување во односите со странките, претпоставените и колегите со цел постигнување најдобри резултати и одржување на едно од основните начела на ДРС – нејзиниот углед.

- **Дирекцијата за радијациона сигурност применува процесен пристап кон создавањето и одржувањето на системот за управување со квалитет**, извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите на ДРС.

- **Дирекцијата за радијациона сигурност** се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран персонал**, заради задоволување на барањата на сите заинтересирани страни.

- **Дирекцијата за радијациона сигурност** го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015.**

- **Врвното Раководството на Дирекцијата за радијациона сигурност периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.**

Директор на ДРС
Светислав Ѓорѓевиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

*бул.„Партизански одреди“, бр.143, П.фах 22, 1020 Скопје, тел. 3099-030, факс. 3099-032, e-mail: drs@drs.gov.mk*